Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) изготвен е

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА**

**ЗА**

**СТУДИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ: „ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ИСТОЧЕН И СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН“**

Јавната расправа се одржа на ден 15 јуни 2017 (четврток) во општина Куманово со почеток од 11:15 часот. Од Министерството за животна средина и просторно планирање беа присутни г-ѓа Дејана Тодоровска, г-ѓа Ана Каранфилова Мазнева, г-ѓа Даниела Спасова и г-н Владо Атанасовски. Од страна на изготвувачот на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина беа присутни г-ѓа Фана Христовска, г-ѓа Анета Китевска и г-ца Кристина Петровска.

Расправата ја водеше г-ѓа Дејана Тодоровска со следниот дневен ред:

- Претставување на причината за одржување на јавната расправа и дотогаш реализирани чекори во ОВЖС постапката;
- Претставување на учесниците;
- Презентација на Студијата за оценка на влијанија врз животната средина
- Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
- Затварање на јавната расправа.

Откако г-ѓа Дејана Тодоровска ја објасни потребата од одржување на оваа јавна расправа како и потребата од спроведување на ваквата активност и ги претстави сите учесници, збор и се даде на г-ца Кристина Петровска експерт за оцена на влијанијата врз животната средина. г-ца Кристина Петровска ја презентираше Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина од спроведување на проектот: Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион.

Презентацијата започна со опис на процедурата за оцена на влијание врз животната средина и содржината на самата студија. Беше објаснет процесот на имплементација односно воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион. Врз основа на самиот процес се даде преглед на можните алтернативи од аспект на соодветно избрана локација и технологија, влијанијата од емисиите врз животната средина како резултат од изградбата, оперативноста и пост-оперативноста на системот, идентифкуваните мерки за надминување, минимизирање и/или ублажување на влијанијата од спроведувањето на проектот и мониторингот во сите фази.

По завршување на презентацијата, г-ѓа Дејана Тодоровска ја отвори дискусијата за предметната Студија.

**Прашање: Лазар Ташевски (Кусур Комерц, Куманово):** Каде ќе се носи отпадното стакло?

**Одговор: Фана Христовска (Експерт за ОВЖС):** Отпадното стакло ќе го преземаат лиценцирани рециклатори. Еден таков е Акрон кој ќе отвора постројка во склоп на поранешна стаклара.

**Прашање: Лазар Ташевски (Кусур Комерц, Куманово): кој ќе го дели отпадот во Куманово?**

**<u>Одговор:</u> Фана Христовска (Експерт за ОВЖС):** Отпадот припаѓа на Регионалното претпријатие од каде потоа рециклаторите може да го преземаат отпадот за рециклирање.

**<u>Прашање: Цветанка Арсиќ (Општина Куманово): ЛПУО ќе биде во близина на локацијата на старата депонијата. Која е постапката да се исчисти отпадот?</u>**

**<u>Одговор:</u> г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Ќе има два паралелни проекти. Едниот е за набавка на контејнери и опрема – возила за собирање на отпад, а другиот за затварање на нерегуларните депонии и ѓубришта. За првиот е подготвена тендерска документација и истата е доставена во Брисел. Очекуваме на почетокот на следната година да пристигне набавката и да ги предадеме возилата и контејнерите на комуналните претпријатија по што ќе се започне со затварање на дивите депонии и ѓубришта. Бидејќи не може да се чека до 2020 г. до кога е изградбата, одлучено е депониите во Крива Паланка и Кратово веднаш да се затворат, а во Ранковце ќе се остави само една ќелија која ќе го прима отпадот до 2020 додека не се направи таа во Св. Николе. Липково останува активна, Старо Нагоричане ќе го носи отпадот до Куманово, а Кумановската како најголема ќе се затвори, не може да се прави дислокација. Имаме проект направен од стручни лица, инженери како се затвара депонија, имаме средства за да се затворат прописно, да се опфати метанот, да се опфати исцедокот на водите. Ќе се остави една ќелија која ќе биде активна до формирањето на таа во Св. Николе. Кога ќе се отвори регионалниот центар во Св. Николе се затвара и таа ќелија, а на постоечката депонија ќе се остави само една ќелија која ќе биде предвидена за претоварна станица. Голема претоварна станица која ќе го собира отпадот од другите помали ПС (претоварни станици). Отпадот ќе се компактира и еден камион ќе вози до Св. Николе. На тој начин се рационализира трошокот. Истиот систем е и за источниот регион. Отпадот од пакување се става во посебно канта и тој му припаѓа на меѓурегионалното претпријатие и тоа ќе може да тргува со овој отпад, да го предаде на правно лице кое има дозвола за преработка на одредени видови отпад. Комуналните претпријатијата ќе останат активни, тоа е политичка волја на градоначалниците и тие ќе бидат одговорни за собирање и транспорт на отпадот до претоварните станици, а претоварните станици ќе бидат управувани од заедничко јавно меѓурегионално претпријатие. Условот од ЕУ за да ги добијат парите е тие да бидат јавни.

**<u>Прашање/констатација: Драган Чунгурски (Општина Куманово): Последните неколку години се работеше на изработка на квалитетен РПУО, доста пари се потрошени, таму се предвидени повеќе сценарија, претоварни станици, депонии. Тој е правен врз основа на луѓе кои живеат во овие два региона. Откако се усвои, не знам по чија желба влегува општина Свети Николе и депонијата се прави кај нив. Доста шетавме, баравме локација и секаде регионалните депонии се прават до главниот град. Поентата ми е дека не се водиме по регионалниот план. Но секако тоа може да претрпи измени. Понатаму, не знам кој го правеше изборот на локацијата, но дали сте свесни дека изградбата на постројка за отпад ќе наиде на отпор кај локалното население во с. Пчиња. Тие не сакаат отпад во нивна близина. Ние како општина имаме страшен проблем со селото. Значи како што ве разбрав ќе затварате и повторно ќе се фрла отпад. Овие камиони што ќе ги купите преку проектите, на кое претпријатие ќе ги дадете.</u>**

**<u>Одговор:</u> г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Со сите општини има договори и точно е утврдено на кое комунално претпријатие колку опрема ќе му биде дадено. Тоа е направено со спецификација уште на почеток.

**<u>Констатација:</u> Бобан Бојковски (Општина Куманово):** Да се навратам на дискусијата од претходно за локацијата за постројката за отпад. Дека ќе има проблем со селото Пчиња, ќе има.

Преку пат на сегашната депонија постојат 5 фирми кои вршат сепарирање, кршење на камен, предизвикуваат прашина. Како го решиле тој проблем, сите вработени во тие 5 сепарации се од с. Пчиња. Препорака за регионалното претпријатие е да изградат партнерство и соработка со локалното населени за да немаат проблеми. Добро би било дел од средствата да се инвестираат во селото, дали преку директни вработувања или пак нудење помош преку замена на прозори, асфалтирање на пат и сл.

<u>Одговор:</u> **г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Тоа е општествена одговорност, политика на управување и секако дека прво вработувањето ќе биде понудено  на локалното население. Тоа ќе биде пропишано во политиката на управување на регионалното претпријатие.

Сакав да се навратам на коментарот на г-н Драган. Плановите се направени и тие може да се менуваат. Во рамките на овој проект во кој се прави оваа Студија за ОВЖС, се прави и Физибилити студија со која се ревидираат податоците, се прави проекција на населението во овие региони и колку се зголемува БДП. Реално е дека населението се намалува и ќе има помалку жители. Доколку расте БДП и отпадот ќе се зголемува. Врз основа на тие проценки се даваат овие бројки за да се проектираат постројките. Ние побаравме од сите општини и комунални претпријатија да ни предложат локации. Сите доставија предлог локации, сите ги послушавме, а изборот е дали таа локација е соодветна, притоа земајќи ги во предвид подземните води, геологијата, хидрологијата, просторни планови, сеизмиката итн.

<u>**Прашање: Драган Чунгурски (Општина Куманово): Зошто не е земена во предвид предложената локација од страна на општина Куманово која се наоѓа во близина на пречистителната станица за изградба на постројката за која е направена Студија.**</u>

<u>Одговор:</u> **г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска:** не можеше да се земе во предвид, ја исклучивме, не одговараше. Во студијата е даден преглед на сите предлози и дадено е зошто се исклучени, кои се предности и недостатоците.

<u>Прашање:</u> **Цветанка Арсиќ (Општина Куманово):** Согласно директивите загадувачот плаќа, која ќе биде цената за граѓаните, дали ќе биде една цена и една сметка?

<u>Одговор:</u> **г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Со новиот систем ќе има една цена и една сметка. Граѓанинот ќе му плаќа на комуналното претпријатие. Комуналното претпријатие ќе треба да го одржува системот и да плаќа депониска такса на регионалното претпријатие. Ќе има зголемување на цената.

<u>Прашање:</u> **Цветанка Арсиќ (Општина Куманово):** Главен проблем е градежниот шут. Дали е планирано на овие локации тој да се собира/рециклира.

<u>Одговор:</u> **г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Тоа е обврска на општината тоа не влегува во комуналниот отпад. Најдете си локација, имате право да го дадете на приватен оператор.

<u>**Констатација: Драган Чунгурски (Општина Куманово):**</u> Уште еднаш апелирам да се провери локацијата за која е подготвена студијата. Тоа би било добро од три аспекти: економски, решавање на проблемот со с. Пчиња и решавање на проблемот со пречистителната станица.

<u>Одговор:</u> **г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Во ред, ќе се разгледа предлогот уште еднаш и можноста во студијата да биде променета локацијата за претоварната станица.

По завршената дискусија, г-ѓа Дејана Тодоровска им се заблагодари на сите присутни и ја затвори јавната расправа 13:00 часот.

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 15 јуни 2017 година (четврток), Сала на совет, Општина Куманово

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Стојко Ивановски | Здружение Земјоделс. производ. Куманово | 070 – 078 249 853 | zzpkuvo@yahoo.com | [signature] |
| Момчило Андреевски | Здружение на земјоделци зоц. Фед. | 070 781 455 | zzpkuvo@yahoo.com | [signature] |
| Лазар Танелски | Отпад Кусур Комерц Куманово | 078 566 712 | kusur komerc@yahoo | [signature] |
| Страшко Младеновски | Рециклирање на пластичен отпад | 070 250 803 | unoprodukt@gmail.com | [signature] |
| Драган Чунгурски | Општина Куманово | 075 434 900 | dchungurski@gmail.com | [signature] |
| Ивица Крстевски | -//- -//- | 070 807099 | ivicakrstevski@gmail.com | [signature] |
| Дејана Тодорова | МЖСПП | 076 455-428 | d.todorova@moepp.gov.mk | [signature] |
| Владо Атанасовски | МЖСПП | 075 240-973 | v.atanasovski@moepp.gov. | [signature] |
| Бобан Бојковски | Општина Куманово | 070 757510 | bbojkovski@yahoo.com | [signature] |
| Атина Мурташаноски | Центар за развој на СИПР | 071 321 170 | atina@northeastregion.gov.mk | [signature] |
| Muhamed Selmani | Centar za razvoj na SIPR | 071-321-173 | muhamed@northeastregion.gov.mk | [signature] |

A project implemented by EPTISA in consortium with EPEM SA

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 15 јуни 2017 година (четврток), Сала на совет, Општина Куманово

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Фана Христовска | ЕПТИСА | 071240809 | fhristovska@yahoo.com | [signature] |
| Анета Китевска | ЕПТИСА | 078344904 | akitevska@yahoo.com | [signature] |
| Кристина Петровска | лок. консултант во Ептиса | 078/413-350 | kristinapetrovska12@gmail.com | [signature] |
| Костадинка-Арсиќ | Општина Куманово | 070 317-330 | alek1973@yahoo.com | [signature] |
| А. Трајанфилова | МЖСПП | 071357724 | —/— | [signature] |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |